# ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ

Закон за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2005, 36/2011, 41/2014, 104/2015 и 39/2016).

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува системот за управување со кризи во Република Македонија, и тоа: организацијата и функционирањето, одлучувањето и употребата на ресурсите, комуникацијата, координацијата и соработката, процена на загрозеноста на безбедноста на Републиката, планирањето и финансирањето, како и други прашања сврзани со системот за управувањето со кризи.

Системот за управување со кризи се организира и остварува заради превенција, рано предупредување и справување со кризи кои претставуваат ризик за добрата, здравјето и животот на луѓето и животните, а се настанати од природни непогоди и епидемии или други ризици и опасности кои директно го загрозуваат уставниот поредок и безбедноста на Република Македонија (во натамошниот текст: Републиката) или дел од неа, а за кои не постојат услови за прогласување воена или вонредна состојба.

Системот за управување со кризи опфаќа и прибирање на информации, процена, анализа на состојбата, утврдување на целите и задачите, развој и спроведување на потребните дејствија за превенција, рано предупредување и справување со кризи.

### Член 2

Системот за управување со кризи го остваруваат органите на државната управа и органите на државната власт (Собрание, претседател и Влада), вооружените сили како Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата), силите за заштита и спасување и органите на општините и на градот Скопје (во натамошниот текст: општините и градот Скопје).

Јавните претпријатија, јавните установи и служби и трговските друштва, можат да учествуваат во превенција, рано предупредување и справување со кризи во согласност со овој закон.

Граѓаните, здруженијата на граѓаните и Црвениот крст на Република Македонија, невладините и хуманитарните организации, средствата за јавно информирање и другите правни лица кои не се опфатени со ставовите 1 и 2 на овој член, можат да учествуваат во превенција, рано предупредување и справувањето со кризи, доброволно и договорно, врз основа на закон и ратификуваните меѓународни договори кои ја уредуваат оваа материја.

### Член 2-а

Во постапката при вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор ("Службен весник на Република Македонија" број 50/10), доколку со овој закон поинаку не е уредено.

### Член 3

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Загрозеност на безбедноста на Републиката" е загрозување од ризици и опасност по добрата и животната средина, здравјето и животот на луѓето и животните и растенијата, имотот и другите материјални добра од поголем обем, стабилноста, функционирањето на државата и нејзиниот поредок утврден со Уставот, за кои не постојат услови за прогласување воена или вонредна состојба;

2. „Ризици и опасности" се можни манифестации на национализам и верска нетрпеливост и омраза; облици и активности сврзани со меѓународниот тероризам, организиран криминал, недозволена трговија со дрога, оружје и луѓе, последици од средствата за масовно уништување; поседување на големи количини на илегално оружје; корупција; урбан тероризам; тежок криминал, вклучувајќи уцени, убиства и напади врз граѓаните и на нивната сопственост; активности на странските специјални служби насочени кон влошување на безбедносната состојба; последици од судир на интереси за користење на изворите и патиштата на стратегиските енергенси, како и попречување и блокирање на нивниот увоз во Републиката; елементарни и други непогоди, техничко-технолошки катастрофи, епидемии на карантински и други заразни заболувања кај луѓето и животните, како и деградација од поголем обем и уништување на животната средина;

3. „Ресурси" се граѓани, објекти, моторни возила, материјално-технички средства, опрема и финансиски средства со кои располага Републиката;

4. „Криза" е појава со која се загрозени основните вредности, трајните и виталните интереси и цели на државата, односно се загрозени уставниот поредок и безбедноста на Републиката;

5. „Кризна состојба" е состојба предизвикана од ризици и опасности кои можат да ги загрозат добрата, здравјето и животот на луѓето и животните и безбедноста на Републиката, за чија превенција и/или справување е потребна употреба на поголем обем на ресурси и

6. „Превенција" е збир на планирани, организирани и институционално водени активности насочени кон намалување или целосно избегнување на неповолните влијанија од ризиците и опасностите и со нив поврзаните несреќи, катастрофи, кризи и кризни состојби.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### Член 4

Министерствата и другите органи на државната управа учествуваат во превенцијата, раното предупредување и справување со кризна состојба, во согласност со закон со кој се уредува нивната надлежност.

Министерствата и другите органи на државната управа, општините и градот Скопје, јавните претпријатија, јавните установи и служби, како и трговските друштва од посебно значење за работа во кризна состојба кои ќе ги утврди Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата) се подготвуваат за извршување на нивните функции, односно задачи за превенција и справување со кризи.

### Член 5

Општините и градот Скопје, во рамките на нивните надлежности утврдени со закон, имаат обврска за свои потреби, заради ефикасна превенција и рано предупредување од потенцијална кризна состојба да вршат процена на ризиците и опасностите на локално ниво, да ги утврдуваат потребите и да ги планираат ресурсите.

Во справувањето со кризи, општините и градот Скопје ги вршат и следниве работи:
- ги следат состојбите и дејствата и појавите кои можат да доведат до настанување на криза на подрачјето на општините и на градот Скопје,
- донесуваат процена на загрозеноста од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на општините и на градот Скопје,
- донесуваат програма за ревитализација на општините и на градот Скопје по елиминирањето

на кризата,
- ги спроведуваат одлуките на Владата во врска со управување со криза на подрачјето на општините и на градот Скопје и
- одлучуваат за висината на средствата за управување со кризи од буџетот на општините и на градот Скопје.

Проценaта од ставот 2 алинеја 2 на овој член ја изработуваат регионалните центри за управување со криза.

Во справувањето со криза градоначалниците на општините и градот Скопје, обезбедуваат координација на учесниците во системот за управување со кризи на локално ниво.

## Член 6

Армијата може да учествува со дел од своите сили во случај на кризна состојба, под услови и на начин утврдени со овој закон.

## Член 7

Силите за заштита и спасување формирани согласно со Законот за заштита и спасување, во кризна состојба учествуваат во отстранување на последиците од истата.

## Член 8

Во превенција и справување со кризна состојба, јавните претпријатија, јавните установи и служби, како и трговските друштва кои се од посебно значење за работа во кризна состојба, имаат обврска за заштита и спасување на вработените, лицата кои се затекнале кај нив и материјалните добра, како и отстранување на последиците од кризната состојба.

## Член 9

Министерствата и другите органи на државната управа, органите на општините и на градот Скопје, јавните установи и служби, како и трговските друштва кои се од посебно значење за работа во кризна состојба, имаат обврска во своите акти за организација и систематизација да утврдат работни места за подготвување и извршување на работни задачи во врска со превенција и справување со кризна состојба.

## Член 10

Министерствата и другите органи на управата, јавните претпријатија, како и трговските друштва кои се од посебно значење за работа во кризна состојба и општините и градот Скопје, имаат обврска да учествуваат во обука, вежбовни и други активности за превенција и справување со кризна состојба.

Начинот на учество на активностите од ставот 1 на овој член и висината на надоместокот се уредува со договор со Центарот за управување со кризи.

## Член 11

Во согласност со меѓународен договор кон кој Републиката пристапила или ги ратификувала, закон и други прописи, во превенција и во справување и рано предупредување од евентуална кризна состојба, можат да учествуваат и меѓународни организации, институции и поединци.

# III. ОРГАНИЗАЦИЈА И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА ВО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

## Член 12

Заради предлагање на одлуки и обезбедување на постојани консултации, координација, навремена реакција, ефикасност и соодветно искористување на расположливите ресурси во случај на кризна состојба, како и обезбедување навремена, квалитетна и реална процена на загрозеноста на безбедноста на Републиката од ризици и опасности, во системот за управување со кризи се формираат Управувачки комитет и Група за процена и се основа Дирекција за управување со кризи.

## 1. Управувачки комитет

## Член 13

Управувачкиот комитет е тело на Владата за координација и управување со системот за управување со кризи.

Управувачкиот комитет го сочинуваат министрите: за внатрешни работи, здравство, транспорт и врски, одбрана, надворешни работи и раководителот на Групата за процена. Доколку составот на управувачкиот комитет не ја одразува соодветната и правична застапеност на заедниците, составот на Управувачкиот комитет се дополнува и со други членови на Владата.

Во зависност од кризната состојба, по потреба, во работата на Управувачкиот комитет можат да се вклучат и други функционери кои раководат со органите на државната управа.

Во работата на Управувачкиот комитет учествува и еден претставник од Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: Собранието) од редот на членовите на Комисијата од најголемата политичка партија во опозиција и еден претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија (во натамошниот текст: Претседателот).

## Член 14

Во зависност од кризната состојба, претседателот на Владата определува лице од составот на Управувачкиот комитет, кое ќе раководи со работата на Управувачкиот комитет.

Во зависност од кризната состојба, во работата на Управувачкиот комитет по потреба и како поддршка можат да се повикаат и експерти.

Одлука за учество на експерти донесува одговорното лице од ставот 1 на овој член.

## Член 15

Предлог за утврдување на кризна состојба, до Управувачкиот комитет може да поднесе функционер кој раководи со орган на државната управа, член на Управувачкиот комитет, раководителот на Групата за процена и директорот на Центарот за управување со кризи.

Управувачкиот комитет го разгледува предлогот од ставот 1 на овој член и предлага до Владата утврдување на постоење на кризна состојба и подрачје кое е зафатено со кризна состојба и соодветно на тоа, дава предлог за активирање на механизми за нејзино разрешување во согласност со овој закон.

## Член 16

Органите на државната управа, општините и на градот Скопје и другите учесници во системот за управување со кризи, во рамките на нивните надлежности утврдени со закон, се должни да ги спроведуваат препораките и другите мерки и активности на Управувачкиот комитет, донесени во согласност со овој закон.

## 2. Група на процена

### Член 17

Групата за процена е тело на Владата кое врши постојано проценување на ризиците и опасностите по безбедноста на Републиката и предлага мерки и активности за нивна превенција, рано предупредување и справување со кризна состојба.

### Член 18

Групата за процена ја сочинуваат директорите на Бирото за јавна безбедност, Управата за безбедност и контраразузнавање, Агенцијата за разузнавање; директорите и замениците на директорите на Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување; заменикот на началникот на Генералштабот на Армијата, како и раководителот на Службата за безбедност и разузнавање во Министерството за одбрана.

Составот на Групата за процена ја одразува соодветната и правичната застапеност на заедниците.

Со Групата за процена раководи лице од составот на Групата за процена, кое го определува претседателот на Владата.

По потреба во работата на Групата за процена се повикуваат и други претставници на органите на државната управа, општините и на градот Скопје и експерти за определената област, за што одлучува одговорното лице од ставот 3 на овој член.

### Член 19

Анализите, препораките и заклучоците, групата за процена ги доставува до Управувачкиот комитет, претседателот на Владата, претседателот на Република Македонија и до претседателот на Собранието.

Претседателот на Владата, анализите, препораките и заклучоците од ставот 1 на овој член, по потреба ги доставува и до другите функционери кои раководат со органите на државната управа.

## 3. Дирекција за управување со кризи

### Член 20

Во системот за управување со кризи се основа самостоен орган на државната управа по положба и функција на дирекција, со својство на правно лице.

Називот на самостојниот орган на државната управа од ставот 1 на овој член е Центар за управување со кризи (во натамошниот текст: Центарот).

Седиштето на Центарот е во Скопје.

### Член 21

Во извршувањето на работите во врска со управувањето со кризи, Центарот ги врши работите што се однесуваат на:
- обезбедување континуитет во меѓуресорската и меѓународната соработка, консултации и координација во управувањето со кризи;
- изработување и ажурирање на единствена процена на загрозеноста од сите ризици и опасности по безбедноста на Републиката.

- предлагање мерки и активности за разрешување на кризна состојба и
- врши и други работи утврдени со закон.

Центарот е носител на вкупната поддршка (стручна, организациона, административна и друга) на Управувачкиот комитет и Групата за процена.

## Член 22

Во извршувањето на работите од членот 21 на овој закон, Центарот соработува и со претставници на Организацијата на обединетите нации (ООН), Организацијата за безбедност и соработка со Европа (ОБСЕ), Европската унија (ЕУ), НАТО, со странските амбасади во земјата, Меѓународниот комитет на Црвениот крст и Меѓународната федерација на друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина и други меѓународни хуманитарни организации.

Центарот соработува и со центрите за управување со кризи на други држави.

## Член 23

Заради информирање, следење на состојбата, размена на податоци и информации и давање на предлози за управување со кризна состојба и изработка на процена, во Центарот се формираат регионални центри за управување со кризи (во натамошниот текст: регионалните центри).

Регионални центри се формираат со седиште во општините: Берово, Битола, Валандово, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Македонски Брод, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица, Тетово, Штип, Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар, Чаир и градот Скопје.

Подрачјето што го опфаќаат регионалните центри од ставот 1 на овој член го определува Владата.

## Член 24

При Центарот се формира Главен штаб, како оперативно стручно тело, кое раководи со активностите за превенција и справување со кризни ситуации.

Главниот штаб го сочинуваат претставници на министерствата од членот 13, став 2 на овој закон. Членови на штабот се и раководителот на итната медицинска помош во Скопје, директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, како и претставници на Армијата, Агенцијата за разузнавање, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и Црвениот крст на Република Македонија.

Составот на Главниот штаб во Центарот ја одразува соодветната и правичната застапеност на заедниците.

Директорот на Центарот раководи со Главниот штаб.

## Член 25

Во регионалните центри се формираат регионални штабови, како оперативно стручни тела со кои раководи раководителот на регионалниот центар. Раководителот на регионалниот центар го назначува директорот на центарот.

Регионалните штабови во регионалните центри ги сочинуваат претставници од подрачните единици на министерствата и другите органи од државната управа од членот 13 став 2 на овој закон, како и по еден претставник на општините и на градот Скопје чии подрачја се опфатени во регионалниот центар.

Составот на регионалните штабови во регионалните центри ја одразува соодветната и правичната застапеност на заедниците на подрачјето што го опфаќа регионалниот центар.

Регионалните штабови се активираат со одлука на директорот на Центарот.

## Член 26

Со Центарот раководи директор кој го избира и разрешува Владата на Република Македонија за време од четири години.

Директорот има заменик кој го избира и разрешува Владата на Република Македонија за време од четири години.

Директорот и заменик директорот се избираат по пат на јавен оглас објавен во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

За директор и заменик директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:
1) да е државјанин на Република Македонија;
2) со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) да има стекнати 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование,
4) да има најмалку пет години работно искуство;
5) да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен и
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода
6) поседува потврда за положен психолошки тест и тест за интегритет.

Заменик директорот го заменува директорот во случај кога тој е отсутен или кога поради болест и други причини не е во можност да ја врши својата функција, со сите негови овластувања и одговорности во раководењето.

## Член 27

Директорот на Центарот донесува правилници за организација и работа и за систематизација на работните места во Центарот.

Во правилникот за систематизација на работните места на Центарот се утврдуваат работни места за лица вработени во Центарот и работни места за лица вработени во органите на државната управа од членот 4 на овој закон, како и во Бирото за јавна безбедност, Управата за безбедност и контраразузнавање, Агенцијата за разузнавање, Службата за безбедност и разузнавање во Министерството за одбрана и Дирекцијата за заштита и спасување, кои по потреба ќе се упатуваат да извршуваат задачи за определено време во Центарот.

## Член 28

Работен однос во Центарот може да заснова лице кое ги исполнува општите услови пропишани со Законот за државните службеници.

Вработените во Центарот своите права, должности и одговорности ги остваруваат во согласност со Законот за државните службеници, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Вработените во Центарот и лицата упатени на работа во Центарот се должни да ја чуваат државната тајна и информациите класифицирани со степен на строго доверливо и доверливо, на начин и под услови утврдени со закон и со друг пропис десет години по престанувањето на вработувањето.

### Член 29

Заради успешно извршување на своите надлежности во Центарот се формира центар за обука кој организира, подготвува и реализира обука, вежби и други активности за лицата кои извршуваат задачи во Центарот и за други учесници во системот за управување со кризи.

Обуката и вежбите се изведуваат заради зголемување на координацијата, ефикасноста и благовремената реакција на учесниците во системот за управување со кризи и за истите Центарот издава сертификати.

Владата со уредба ги пропишува организирањето, планирањето и спроведувањето на обуката и вежбите, формата и содржината на сертификатите за обуката и вежбите, како и постапките кои задолжително се спроведуваат во системот за управување со кризи.

Финансиски средства за реализација на активностите од ставот (1) на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

## IV. ОДЛУЧУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА РЕСУРСИТЕ

### Член 30

Кризна состојба се прогласува заради справување со кризна состојба која претставува ризик по добрата, здравјето и животите на луѓето и животните или опасност по безбедноста на Републиката или на нејзин дел.

Сериозноста на ризикот треба да биде од таква природа на зафатеност на подрачјето или добрата, здравјето и животите на луѓето и животните или опасност по безбедноста на Републиката или на дел од неа, за која не постојат услови за прогласување на воена или вонредна состојба.

### Член 31

Владата донесува одлука за постоење на кризна состојба, го определува подрачјето зафатено со кризна состојба и соодветно на тоа ги активира механизмите за разрешување на кризната состојба. За донесената одлука Владата веднаш го известува Собранието и претседателот на Република Македонија.

Владата за активностите поврзани со одлуката од ставот 1 на овој член во рок од 48 часа усмено, а еднаш неделно писмено го известува Собранието и претседателот.

Владата најдоцна за 30 дена по завршувањето на активностите утврдени со одлуката од ставот 1 на овој член, изготвува и доставува писмен извештај до Собранието и претседателот.

Одлуката за постоење на кризна состојба од ставот 1 на овој член не може да трае подолго од 30 дена.

Ако кризната состојба продолжи да трае подолго од 30 дена, Владата треба да побара одобрување од Собранието за продолжување на рокот или да предложи прогласување на воена или вонредна состојба.

Собранието и претседателот во секое време може да побараат усмен или писмен извештај за состојбата во областа за управување со кризи.

## Член 32

Владата донесува одлука за употреба на ресурсите на органите на државната управа, органите на општините и на градот Скопје, како и за управување со нив во случај на кризна состојба.

Употребата на ресурсите за остварување на активностите од ставот 1 на овој член, треба да биде:
- пропорционална според природата и интензитетот на кризната состојба;
- разумна според карактерот на кризата и
- сериозна според јачината и обемот на кризата.

Одлуката од ставот 1 на овој член, ја спроведуваат функционерите кои раководат со органите на државната управа, органите на општините и на градот Скопје.

## Член 33

Во случај на кризна состојба можат да се употребат и ресурсите на јавните претпријатија, установи и служби, како и на трговските друштва кои се од посебно значење за работа во кризна состојба, во согласност со закон.

Во случај на кризна состојба, по барање на Владата, врз основа на договор склучен со Центарот или доброволно, можат да се употребат и ресурсите на граѓаните и други правни лица кои не се опфатени во ставот 1 на овој член.

Дневниот надоместок за користење на ресурсите од ставовите 1 и 2 на овој член изнесува до 30% од просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена од Државниот завод за статистика во месецот пред давањето на ресурсите, а надоместокот за нивно оштетување или уништување не може да биде помал од пазарната вредност на средството, што истото ја имало во времето кога е оштетено или уништено, определена врз основа на елементите со помош на кои според обичаите во зависност од времето и местото на пазарот се утврдува пазарната цена.

Евиденција за ресурсите од ставовите 1 и 2 на овој член води Центарот.

Поблиски прописи за видот на ресурсите од ставовите 1 и 2 на овој член, за начинот на водењето на евиденцијата и за поблиско определување на висината на надоместокот за нивно користење, оштетување и уништување донесува Владата.

Граѓаните, јавните претпријатија, трговските друштва и другите правни лица можат да се откажат од надоместокот за употреба на ресурсите по сопствено барање и со писмена изјава.

## Член 34

Одлука за употреба на ресурсите на територијалните противпожарни единици на Републиката и на републичките сили за заштита и спасување, донесува директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

Во случај на кризна состојба одлуката од ставот 1 на овој член се донесува по барање на Главниот штаб на Центарот.

## Член 35

Дел од Армијата учествува во поддршка на полицијата во услови кога со кризната состојба е загрозена безбедноста на Републиката, а органите на државната управа немаат соодветни ресурси и средства за нејзина превенција и справување.

Предлог до Владата за потребата за учество на дел од Армијата, согласно со Стратегискиот одбранбен преглед на Републиката дава Управувачкиот комитет.

Предлогот од ставот 2 на овој член, особено содржи:
- вид и број на сили и капацитети на армиската единица,
- намена и задачи за кои се бараат и
- времетраење на активноста и ангажирањето на армиската единица.

По предлог на Владата, за учество на дел од Армијата во справувањето со кризна состојба, одлучува претседателот.

Претседателот во секое време може да ја преоцени потребата од учество на делот од Армијата.

Начинот на учество на дел од Армијата во кризна состојба се уредува со пропис кој го донесува претседателот.

### Член 36

Заради обезбедување на потребната подготвеност, обука и вежби за евентуално учество на дел од Армијата во поддршка на полицијата во случај на кризна состојба, се донесува Упатство за оперативни и други постапки на Армијата во поддршка на полицијата во случај на кризна состојба.

Упатството од ставот 1 на овој член, го донесува министерот за одбрана во согласност со министерот за внатрешни работи.

## V. КОМУНИКАЦИЈА, КООРДИНАЦИЈА И СОРАБОТКА

### Член 37

Заради преземање на мерки и активности за превенција и рано предупредување, како и справување со појавени ризици, опасности, кризи, кризни состојби, несреќи и катастрофи, сите учесници во системот на управување со кризи во согласност со законите и другите прописи се должни да обезбедат континуирана и меѓусебна комуникација, координација и соработка за прибирање на податоци и информации, нивна анализа, доставување и информирање за ризиците и опасностите кои можат да ја загрозат безбедноста на Републиката.

Учесниците во системот на управување со кризи едновремено се должни и континуирано да комуницираат, да доставуваат податоци и информации и да соработуваат и по потреба и на начин утврдени со овој и друг закон и своите активности да ги координираат со Центарот.

Владата со уредба ги утврдува оперативните постапки за меѓусебната комуникација, координација, соработка и постапување на субјектите во системот за управување со кризи.

### Член 37-а

За реализирање на активностите од членот 37 став 1 на овој закон, Центарот организира и развива Географски информациски систем.

За потребите на Географскиот информациски систем сите учесници во системот за управување со кризи и Агенцијата за катастар на недвижности. се должни без надоместок до Центарот да ги доставуваат и разменуваат сите податоци, мапи, снимки, слики и останати релевантни материјали во електронска форма.[2]

### Член 38

Заради рано предупредување, односно следење на состојбата, навремено идентификување на појавите и процесите кои се ризици и опасности по безбедноста на Републиката и/или кои можат да доведат до кризна состојба и заради известување на учесниците во системот на

управување со кризи и на населението преку Центарот, се организира известување и тревожење.

## Член 39

Тревожењето на населението  го врши Центарот.

Владата со уредба ги пропишува знаците за тревожење начинот и процедурите за тревожење и постапките на населението.

Знаците за тревожење се единствени.

Имателите на сопствени системи за тревожење се должни да обезбедат вклучување во единствениот систем за тревожење во Републиката.

За потребите на тревожењето на населението, по барање на директорот на Центарот, сопствениците на објекти се должни да дозволат поставување и приклучување на уреди за тревожење на тие објекти.

Трошоците за поставување и одржување на уредите за тревожење, како и за надоместокот за штета при поставување и одржување на уредите се на товар на Центарот.

## Член 40

Заради континуирано и ефикасно извршување на работите од членот 37 на овој закон, во Центарот се воспоставува единствен комуникациско информативен систем со единствен број на повикјавување во случај на ризици, опасности и други несреќи на целата територија на Републиката, ( Е-112).

Единствениот комуникациски информативен систем работи 24 часа секој ден во неделата.

## Член 41

Сопствениците и корисниците на системите за врски преку кои се врши пренос на податоците и информациите од значење за управување со кризи и се остварува комуникацијата, како и преку кои се остварува координацијата и соработката се должни да ги применуваат мерките за криптозаштита, противелектронско обезбедување и другите мерки за заштита пропишани со уредба на Владата.

## Член 42

Центарот врши анализа и обработка на податоците и информациите од членот 37 на овој закон и ги доставува до учесниците во системот за управување со кризи.

Владата со уредба ги пропишува видот на податоците и информациите од ставот 1 на овој член, како и начинот и постапката за нивното доставување до Центарот.

## Член 43

Во согласност со ратификуван меѓународен договор, со закон или друг пропис, а во функција на заштита на интересите на Републиката во кризна состојба, по одлука на Владата може да учествуваат и меѓународни организации, институции и поединци.

Во согласност со ратификуван меѓународен договор, со закон или друг пропис, како и врз основа на препораките и насоките на Управувачкиот комитет и Групата за процена, во кризна состојба Центарот ја остварува координацијата и соработката со субјектите од членот 11 на овој закон.

### Член 44

За движење и работа во подрачјата зафатени со кризна состојба, на учесниците во системот за управување со кризи, како и на учесниците од меѓународни и други организации и институции од членовите 11 и 43 на овој закон, им се издава посебно одобрение - пропусница.

Одобрението - пропусницата ја издава директорот на Центарот.

Формата и содржината на образецот на одобрението-пропусницата и начинот на нејзиното издавање, со Правилник ја пропишува директорот на Центарот.

## VI. ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТА НА БЕЗБЕДНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Член 45

Заради планско, навремено, целесообразно и координирано донесување на одлуки, насоки и препораки за преземање на мерки за превенција, како и за најоптимално справување со кризна состојба, се изработува и донесува процена на загрозеноста на безбедноста на Републиката од сите ризици и опасности (во натамошниот текст: Процена).

Проценката од ставот 1 на овој член ја донесува Владата.

Владата со уредба ја пропишува Методологијата за изработка на Процената, нејзината содржина, структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот на управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од Процената.

### Член 46

Процената, по предлог на Групата за процена ја изработува Центарот и ја доставува на разгледување до Управувачкиот комитет.

По предлог на Центарот, Процената ја донесува Владата.

Одлуките по Процената од ставот 2 на овој член, се задолжителни за сите учесници на системот за управување со кризи, освен за Собранието и претседателот.

## VII. ПЛАНИРАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ

### Член 47

Планирањето на развојот, оперативното и тековното планирање на краток, среден и долг рок на системот на управување со кризи се води и реализира според принципите, нормите и постапките кои важат во системот на планирање, програмирање и буџетирање.

Планирањето од ставот 1 на овој член, го вршат субјектите од членот 2 на овој закон, во рамките на своите надлежности.

Владата со уредба ги пропишува видот на плановите, програмите, потпрограмите, активностите и потребните ресурси за нивна реализација, вклучувајќи и финансиски средства, како и начинот на изработка, содржината и структурата на истите.

### Член 48

Финансиските средства за потребите на системот за управување со кризи на Републиката, се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Финансиски средства за потребите на системот за управување со кризи можат да се обезбедат и од други извори во согласност со закон.

Финансиски средства за органите на државната управа за потребите на системот за управување со кризи, се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија во рамките на финансиските средства на тие органи.

Финансиските средства за органите на општините и на градот Скопје за потребите на системот за управување со кризи, се обезбедуваат од нивните средства во согласност со закон и од буџетот на Република Македонија.

Јавните претпријатија, установи и служби, како и трговските друштва од посебно значење за работа во кризна состојба, финансиски средства обезбедуваат од сопствени извори и од средства од Буџетот на Република Македонија.

## VIII. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

### Член 49

Инспекциски надзор за применувањето на овој закон и другите прописи донесени врз основа на овој закон, врши Центарот преку инспектори за управување со кризи.

Инспекцискиот надзор од ставот 1 на овој член во органите на државната управа, општините, јавните претпријатија, јавните установи и служби, како и трговските друштва кои се од посебно значење за работа во кризна состојба, се врши во согласност со овој закон.

### Член 50

Инспектор за управување со кризи може да биде лице вработено во Центарот со високо образование.

Инспекторите за управување со кризи имаат легитимација.

Формата и содржината на образецот на легитимацијата и начинот на нејзиното издавање и одземање, ги пропишува директорот на Центарот.

### Член 51

Во вршењето на инспекцискиот надзор од членот 49 на овој закон, инспекторите се овластени:
- да остваруваат увид во спроведувањето на овој закон и другите прописи од областа на управувањето со кризи,
- да предложат мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци во определен рок,
- да проверуваат идентификациски документи на лица поради потврдување на нивниот идентитет во согласност со закон,
- да бараат стручно мислење кога е тоа потребно за инспекцискиот надзор и
- да обезбедат други потребни докази.

Во вршењето на надзорот, инспекторот е должен на субјектите каде што се врши надзорот да дава помош во спроведувањето на законите и другите прописи од областа на управувањето со кризи.

### Член 51-а

При вршење на инспекцискиот надзор, во согласност со закон инспекторот за управување со кризи има обврска:
- да постапува по иницијативи за поведување на постапка за инспекциски надзор и за тоа да го извести подносителот на иницијативата,

- да се легитимира пред субјектот на надзорот, односно пред одговорното или друго овластено лице на субјектот на надзорот,
- да состави записник за извршениот инспекциски надзор,
- да ја чува тајноста на класифицирани информации,
- да постапува законито, навремено и во согласност со Етичкиот кодекс на државните службеници и
- да го извести одговорното лице на субјектот на надзорот за законскиот основ за вршење на надзор.

## Член 51-б

Во согласност со закон, заради отстранување на утврдени неправилности инспекторот за управување со кризи има право и обврска на субјектот на надзорот:
- да укаже на утврдените неправилности и да определи рок за нивно отстранување,
- да нареди да преземе соодветни мерки и активности во рок кој ќе го определи инспекторот,
- да поднесе барање за поведување прекршочна постапка и
- да поднесе кривична пријава или да поведе друга соодветна постапка.

## Член 52

За извршениот инспекциски надзор, инспекторите се должни да состават записник кој ќе му го предадат на одговорното лице, каде што е вршен инспекцискиот надзор и на директорот на Центарот.

Во записникот се внесува констатираната состојба и предложените мерки и рокови за отстранување на недостатоците и неправилностите. Одговорното лице од ставот (1) на овој член е должно да постапи според записникот и да го извести инспекторот за преземените мерки.

Ако при вршењето на надзорот, инспекторот смета дека повредата на прописите претставува прекршок или кривично дело, должен е до надлежниот орган да поднесе барање, односно пријава за покренување на соодветна постапка.

## Член 53

Инспекторите во инспекцискиот надзор составуваат записник и донесуваат решение.

По жалба против решението од ставот 1 на овој член во рок од осум дена од денот на приемот на решението може да се изјави жалба до посебна комисија од три члена, формирана од директорот на Центарот.

Двајца членови на комисијата од ставот 2 на овој член се избираат од редот на стручно-административните државни службеници вработени во Центарот, а претседателот се избира од редот на раководните државни службеници вработени во Центарот кои не биле вклучени во инспекцискиот надзор.

## Член 53-а

„Директорот на Центарот донесува годишна програма за работа на инспекторите за управување со кризи најдоцна до 31 јануари за тековната година.

Центарот за извршените контроли од страна на инспекторите за управување со кризи изготвува квартални извештаи кои се објавуваат на веб страницата на Центарот на унифициран квартален преглед.

# IX. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

## Член 54

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во субјектот учесник во системот за управување со кризи, ако:
- не ги применува одлуките, насоките, препораките и другите мерки и активности на Владата, Управувачкиот комитет и Центарот (членови 44 став 1, 16 и 21 став 1 алинеја 3),
- не ги применува мерките за криптозаштита, противелектронско обезбедување и другите мерки за заштита пропишани со уредба на Владата (член 41),
- не ги применува препораките и заклучоците од Процената (членови 45 и 46),
- не постапи според записникот од извршениот инспекциски надзор и не го извести инспекторот за преземените мерки (член 52 став 2),
- не утврдат работни места во актите за систематизација на работните места за работа во кризна состојба (член 9) и
- за свои потреби заради ефикасна превенција и рано предупредување од потенцијална кризна состојба не врши процена на ризиците и опасностите на локално ниво и не ги утврди потребите и не ги планира ресурсите (член 5 став 1).

## Член 55

Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице кое е сопственик на објект, ако
- по барање на директорот на Центарот нема да дозволи поставување и приклучување на уреди за тревожење на објектот што е во негова сопственост (член 39 став 5).

## Член 56

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое е сопственик на објект, ако
- по барање на директорот на Центарот нема да дозволи поставување и приклучување на уреди за тревожење на објектот што е во негова сопственост (член 39 став 5).

## Член 56-а

За прекршоците утврдени во членовите 54, 55 и 56 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува Центарот .

Прекршочната постапка од ставот 1 на овој член пред прекршочен орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Комисијата) формирана од страна на директорот на Центарот.

Комисијата е составена од претседател и двајца членови.

Претседателот на Комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од пет години во својата област, а членовите се со високо образование и работно искуство од пет години во својата област.

Покрај членовите на Комисијата, директорот на Центарот може да определи секретар на Комисијата кој врши административни работи за Комисијата и заменици-членови кои по исклучок учествуваат во работата на Комисијата во случај на отсуство на некој од членовите.

Комисијата донесува деловник за својата работа.

## Член 56-б

Комисијата има право да изведува докази и да собира податоци кои се неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи и да презема дејствија утврдени со овој закон, Законот за прекршоците или со друг закон.

Комисијата е самостојна и независна во работата и одлучува врз основа на стручно знаење и самостојно убедување.

Комисијата работи во совет, а одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Против решението на Комисијата со кое се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд.

Комисијата води единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки на начин пропишан од директорот на Центарот.

### Член 56-в

Комисијата е должна на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување пред поднесувањето на барањето за поведување прекршочна постапка пред прекршочна комисија, согласно со Законот за прекршоците.

### Член 56-г

Прекршочната комисија од членот 56-а на овој закон е должна веднаш, а најдоцна во рок до пет дена од денот на поднесувањето на барањето на инспекторите за управување со кризи за поведување на прекршочна постапка, истите да ги земе на разгледување.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 57

Центарот отпочнува со работа со именувањето на директорот на Центарот.

Директорот на Центарот го именува Владата, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Во рок од 30 дена од денот на именувањето на директорот на Центарот, директорот ќе ги донесе актите за организација и работа и за систематизација на работните места во Центарот.

### Член 58

До отпочнувањето со работа на Центарот, а најмногу 60 дена по денот на именувањето на директорот на Центарот, инспекцискиот надзор во областа на управувањето со кризи ќе продолжат да го вршат инспекторите од Министерството за одбрана согласно со одредбите на Законот за одбрана.

### Член 59

Вработените од Министерството за одбрана кои вршат работи во Републичкиот центар за известување, службата за набљудување, центрите за известување на целата територија на Републиката, во областа на криптозаштитата и во областа на подготовките за одбрана, во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ги презема Центарот во број кој соодветствува на потребниот број вработени согласно актите за организација и систематизација на Центарот.

При преземање на лицата од ставот 1 на овој член, се води сметка за соодветната и правична застапеност на заедниците.

Објектите и опремата на Републичкиот центар за известување, службата за набљудување и центрите за известување на целата територија на Републиката и опремата за крипто-заштита, возилата, архивата и документацијата кои биле во врска со извршувањето на задачи од областа на кризниот менаџмент, од Министерството за одбрана ги презема Центарот со денот на преземањето на вработените.

## Член 60

За спроведување на процесот на преземање на вработените, објектите, опремата, целокупната документација и архивата од членот 59 на овој закон, по именувањето на директорот на Центарот во Владата се формира Комисија составена од по еден претставник од Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии и претставник од Центарот. Комисијата процесот на преземање ќе го изврши во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

За евентуалните спорови кои не ќе може да ги реши Комисијата од ставот 1 на овој член, ќе одлучува Владата.

## Член 61

Владата обезбедува просторни услови за работа на Центарот.

## Член 62

Подзаконските прописи чие донесување е утврдено со овој закон, ќе се донесат во рок од една година од денот на примената на овој закон.

## Член 63

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јуни 2005 година.

**ОДРЕДБИ ОД ДРУГИ ЗАКОНИ**

Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2011):

**Член 19**

Подзаконските акти чие донесување е предвидено со овој закон, директорот на Центарот ќе ги донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2011):

**Член 20**

Одредбите од членовите 9, 10, 11, 12, и 13 на овој закон ќе започнат да се применуваат со започнување на примена на Законот за инспекцискиот надзор.

Закон за изменување на Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/2014):

**Член 2**

Директорот и заменикот на Центарот именувани до денот на започнувањето со примената на членот 1 од овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

Закон за изменување на Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/2014):

**Член 3**

Одредбите на членот 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за дополнување на Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија" бр. 104/2015):

**Член 2**

Се задолжува Центарот во рок од три месеци од влегувањето во сила на овој закон електронски да се поврзе со Агенцијата за катастар на недвижности.

Закон за изменување на Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2016):

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.